| **Наслов на активноста** | |
|---|---|
| Од буква до збор | |
| **Возраст** | |
| 6-8 години | |
| **Простор/локација** | **Карактерна вредност** |
| Домашни услови | Љубопитност, самодоверба, истрајност |
| **Потребно време за подготовка** | **Потребно време за реализација** |
| 20-30 минути | 30 минути |
| **Цели** | |
| Целта е детето правилно да ги подреди буквите во зборот. | |
| **Очекувани резултати** | |
| Детето правилно ги подредува буквите во зборот | |
| **Насоки** | |
| <u>**Претходна подготовка за активност**</u><br><br>Сечење на пластични шишиња и лепење на картон, пишување на букви на капачиња (два пати од цела азбука, а самогласките по 5 пати) и печатење или изработка на слики дадени во прилогот, кутија за капачиња<br><br><u>**Инструкции/насоки за играта**</u> | |

Детето влече картичка, го именува поимот и ги пронаоѓа капачињата со соодветните букви за составување на зборот коишто ги поставува на горните делови на поставените шишиња со завртување на капачето.

**<u>Активност/игра</u>**

Најпрво се игра играта „На буквата на буквата”, а потоа се објаснува како треба да состават зборови според одредена слика. Откако ќе извлече картичка со слика, детето го именува поимот и со помош на капачињата со букви го составува зборот.

| **Прилози** | **Материјали** |
|---|---|
| <u>Прилог бр. 1</u><br>Чекори за подготовка на активноста<br><br><u>Прилог бр. 2</u><br>Илустрации и картички | Картон, 7 пластични шишиња и капачиња, слики со различни поими, кутија за капачињата, маркер. |

**Активноста е подготвена од:**

Едукатори: Соња Даниловска, Лила Арсова, Живка Стоилковска, Маре Ангеловска, Соња Чаловска, Весна Пецева

Графички дизајн: Вања Штркова, Катерина Николовска

Лектура: Јана Михајловска - Иванов

Превод: Агим Лека

Фотографија: Ена Утевска





## Прилози: Фотографии од активност







# ОД БУКВА ДО ЗБОР

ЧЕКОР ПО ЧЕКОР

## ПОТРЕБНИ МАТЕРИЈАЛИ

- Едно парче картон со димензии 50см должина и 20см ширина
- Неколку пластични шишиња на кои ќе им се отсече најгорниот дел со капачето на шишето
- Капачиња од пластични шишиња
- Сад
- Сликички од различни поими-шаблон слики

### ШАБЛОН „БУКВИ“




### ШАБЛОН „СЛИКИ“



# ЧЕКОР 1

Потребни се неколку пластични шишиња на кои ќе им се отсече најгорниот дел  со капачето на шишето. Тие се лепат на картонот.

# ЧЕКОР 2

Потребни се и капачиња од пластични шишиња  за да се напишат буквите од азбуката два пати и самогласките повеќе пати. Капачињата со напишани букви се чуваат во посебен сад.

# ЧЕКОР 3

За играта се потребни и сликички од различни поими.

# ЧЕКОР 4

Активноста ја започнуваме со играта - На буквата, на буквата...
Детето кажува зборови на одредена буква и разговараме за зборовите од колку букви се составени. Му објаснуваме на детето дека зборовите се составени од букви.

# ЧЕКОР 5

Пред тебе се наоѓа една табла за правење зборови. Дали зборот на таблата ќе биде точен, зависи од тебе. Од садот извлечи една сликичка и ставете ја пред тебе.

# ЧЕКОР 6

Буквите пронајди ги во садот со капачиња и постави ги секоја на своето место во зборот, завртувајќи ги капачињата на кои се испишани буквите. Кога ќе завршиш, повторно одврти ги и стави ги во садот.

# НАСОКИ

Парче картон




77 пластични шишиња од кои се сече грлото и капачето се става на страна





испечатени букви од шаблонот „Букви“




испечатени слики од шаблонот „слики“

































| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| У | П | Б | М | Ѕ |
| Л | Ц | Г | Х | Ф |
| О | Ч | К | Е | Ш |

А Ц Ј Љ С

Ж З Н Р В

Њ Ќ И Д Ѓ

T